# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 21.5.2019 год.<br>Скопје<br>Број 10 год. XIV | Претплатата за 2019 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


мај, 2019 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Заклучок по Информацијата за службено патување во странство на Претседателот на Советот .................................................................. 1

- Решение за запирање на објавувањето на Заклучокот по Информацијата за службено патување во странство на Претседателот на Советот бр. 08-2629/2 од 14.5.2019 година ...................................... 2 - 3

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Советот на Општина Центар-Скопје на 28 седница, одржана на 14.5.2019 година, расправаше по Информацијата за службено патување во странство на Претседателот на Советот и донесе

**З А К Л У Ч О К**
по Информацијата за службено патување во странство на Претседателот на Советот

1. Советот не го одобрува ова службено патување во странство на Претседателот на Советот поради следново:

   - Нетранспарентност на постапката и
   - Непочитување на актите за работа на Советот на Општина Центар-Скопје.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

3. Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2629/2
14.5.2019 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02), како и врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Центар - Скопје ("Службен гласник на Општина Центар - Скопје" број 1/06, 12/15 и 9/19),Градоначалникот на Општина Центар - Скопје донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за запирање на објавувањето на Заклучокот по Информацијата за службено патување во странство на Претседателот на Советот**
**бр. 08-2629/2 од 14.5.2019 година**

1.**СЕ ЗАПИРА** објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ на Заклучокот по Информацијата за службено патување во странство на Претседателот на Советот број 08-2629/2 од 14.5.2019 година, донесен на 28. седница на Советот на Општина Центар-Скопје, одржана на 2.5.2019 година и на 14.5.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар – Скопје“.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 28. седница на Советот на Општина Центар-Скопје одржана на 2.5.2019 година и на 14.5.2019 година се разгледуваше Информацијата за службено патување во странство на Претседателот на Советот, која беше точка на дневниот ред за истата седница.

За службеното патување на Претседателот на Советот, од страна на Градоначалникот донесено е Решение за службено патување во странство бр.09-1348/2 од 28.2.2019 и до Советот е доставена Информација за целта на донесувањето на решението и упатувањето на Претседателот на Совет на службено патување во странство.

Одлучувајќи по Информацијата, членовите на Советот на Општина Центар – Скопје донесоа Заклучок со кој не се одобрува службеното патување во

странство, поради нетранспарентност на постапката и непочитување на актите за работа на Советот.

Делокругот на работа и надлежностите на Советот се уредени во член 36 од Законот за локалната самоуправа и со Статутот на Општината и Деловникот на Советот на Општина Центар Скопје, така што со донесување на овој Заклучок Советот постапил надвор од своите надлежности и се впуштил во донесување на Заклучок што не е во согласност со наведените прописи.

Имајќи го предвид горенаведеното донесено е Решение како во диспозитивот.

Бр. 09-2629/3<br>
20.5.2019 година<br>
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општина Центар-Скопје<br>
Саша Богдановиќ с.р.